РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-3520/4
28-12-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 57-мата седница одржана на 17.12.2021 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот бр. број 12-3520 од 2021 година, оформен по доставена пријава за злоупотреба на јавни ресурси во изборни цели за службеното лице ---------------------- – градоначалник на Општина -----------------, и за членовите на советничката група, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-3520 од 2021 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 21.09.2021 година, електронски, на емаил е поднесена пријава за службеното лице -------------------, градоначалник на Општина ---------------------, и за членовите на советничката група и оформен е предмет бр. 12-3520 од 2021 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за тоа дека од страна на кандидатот за градоначалник од редовите на ----------- за општина ---------------, и актуелен градоначалник, ------------------------ како и членовите на советничката листа, додека била во тек изборната кампања за избор на градоначалници, било постапено спротивно на одредбите од Изборниот законик.

Имено, во пријавата е наведено дека на ден 19.09.2021 година за партиски активности за изборни цели тогашниот кандидат за градоначалник за втор мандат, а и актуелен градоначалник, заедно со советничката група ги користеле просториите на Музејот --------------, за што во прилог на пријавата како доказ има доставено и фотографија.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави Барање за прибирање информации заведено под архивски број 12-3520/2 од 28.09.2021 година до Домот за култура „----------------" ,во чии простории надлежност и е работењето на Музејот -------------- каде што и е фотографиран предметниот настан, се со цел добивање на информации за тоа дали и на кој начин просториите на музејот биле дадени на користење на посочениот датум.

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:

--------------------- музеј кој работи во слоп на ОУ Дом на културата „-------------------" од ---------------- е јавен објект и како таков е отворен за сите граѓани, без разлика на нивната политичка, верска или национална припадност.

Во просториите на музејот немало никакви ознаки забрането фотографирање или снимање, за што во прилог на одговорот од страна на ОУ Дом за културата „------------------" доставени се и повеќе фотографии од кои може да се увиди дека во истиот се одржуваат и групни посети.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека, наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување, односно не постојат прекршувања на одредбите од член 8-а и 8-б од Изборниот законик, ниту пак прекршување на член 31 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: м-р К.З, советник
Одобрил: Нури Бајрами, член

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател
Билјана Ивановска

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk